Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 73, 30 јануари 2012 година

јануари 2012 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во сите звања за наставно-научната област имунохематологија и хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 14

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 36

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 40

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 44

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 47

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област меѓународно јавно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 50

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област пијано и методика на наставата по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 56

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области теорија на музиката и композиција на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 63

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Познавање на стоката“ од д-р Нако Ташков, доцент на Факултетот за туризам и бизнис логистика и д-р Ацо Кузелов, доцент на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Полјоделство” од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов и ас. м-р Фиданка Трајкова од Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 71

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Органска хемија“ од авторот д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 75

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на технолошко инженерство“ од авторот доц. д-р Винета Сребренкоска, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 76

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Вовед во право на ЕУ“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 78

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Право на ЕУ, правда и внатрешни работи“ од д-р Љупчо Сотироски, доцент на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 82

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Кредитна политика“ (скрипта) од авторот доц. д-р Виолета Маџова, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 86

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Физичкото воспитание и образование кај децата од предучилишната и раната училишна возраст“ од асистент д-р Билјана Попеска, Педагошки факултет, при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ............ 89

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ И УМЕТНИЧКИ ОБЛАСТИ ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА И КОМПОЗИЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-146/4, од 20.12.2011 година, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност избра Рецензентска комисија во состав проф. д-р Томе Манчев (претседател), вон. проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска (член) и вон. проф. д-р Илчо Јованов (член), за избор на еден *наставник* во сите звања за наставно-научните и уметничка области: *Теорија на музиката и Композиција* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

На Конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“, на 9.12.2011 година, во предвидениот рок се пријавиле кандидатките:

– Валентина Велковска-Трајановска и
– Анета Спиридоновска.

По разгледувањето на молбите и приложената документација, Рецензентската комисија го констатира следното:

Кандидатката м-р Анета Спиридоновска нема доставено комплетна документација, недостасува список и материјали за објавени научни и стручни трудови и дополнително - не ги исполнува критериумите за избор наведени во Конкурсот согласно со членот 127 (за избор по стручно-уметнички области) од Законот за високото образование и условите согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев’ во Штип, поради што истата не е евалуирана.

Кандидатката м-р Валентина Велковска-Трајановска уредно и навремено ги достави потребните документи и ги исполнува со Конкурсот пропишаните услови во целост, според што Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Валентина Велковска-Трајановска** е родена на 11 октомври 1976 година во Скопје. Завршува осумгодишно музичко училиште – пијано и средното образование го продолжува во МБУЦ „Илија Николовски-Луј“ на наставно-теоретски оддел. Во 1991 година се запишува на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насока Музичка теорија – педагогија. Студиите ги завршува со висок просек во 2001 година. Паралелно на овие студии, кандидатката Велковска-Трајановска од 1997 до 2004 година ги проследува петгодишните студии по композиција, во класите на проф. д-р Томе Манчев и проф. Томислав Зографски, кои ги завршува со дипломскиот труд - симфониската поема „Исон“, за голем симфониски оркестар. Веднаш по дипломирањето на едниот оддел, во 2004 година запишува постдипломски студии на *Теорија на оркестрација* на Факултетот за музичка уметност кај проф. д-р Томе Манчев. На магистерските студии по теорија на оркестрација ги изработува трудовите: „Присутноста, употребата и улогата на музичките инструменти во дел од оркестарското творештво на Томислав Зографски“ и „Музичките инструменти и нивната рефлексија врз оркестрацијата на симфониската поема „Дон Кихот“ од Рихард Штраус“.

Во 2009 година на Факултетот за музичка уметност во Скопје на кандидатката ѝ е прифатена темата за изработка на докторска дисертација, композицијата „*Соништа на*

*бесмртните“,* ораториум за солист-баритон, рецитатор, мешан хор и троен симфониски оркестар, под менторство на проф. д-р Томе Манчев.

Кандидатката Велковска-Трајановска учествувала на повеќе меѓународни семинари, фестивали и конференции по композиција, филмска и електронска музика во Македонија, Англија и Р. Чешка кај Сарјахо, Андерсен, Саундерс, Годибер, Радвиловиќ, Вајголд, Вучрич и др. Автор е на повеќе солистички, хорски, камерни и оркестарски композиции. За дел од нив е добитник на бројни меѓународни и државни награди и стипендии. Општествено е активна и како член на Сојузот на композиторите на Македонија од 2002 година, каде што во еден мандат е и член на претседателството, потоа ЗАМП каде од 2004 година е член на Собранието со четврти мандат.

Од 1996 до 2003 година Валентина Велковска-Трајановска работи во повеќе сектори на Музичката програма на Македонската телевизија и Македонското радио. За програмите на Македонската телевизија работи како музички соработник, потоа музички новинар во редакциите за детска програма и народна музика. За програмите на Македонското радио работи како музички новинар во Редакцијата за сериозна музика, со обврски: рецензии, осврти и критики за тековните концерти во Скопје, на Македонска филхармонија, Македонска опера, камерни и солистички концерти, како и на фестивалите „Охридско лето“, „Интерфест“, „Мајски оперски вечери“, „Денови на македонска музика“...; Портрети на сите македонски композитори низ македонската историја - циклус емисии „Творечки погледи“ (документирани и архивирани во МРТВ како значаен историско-музички материјал); потоа бројни интервјуа со музички уметници и дејци и др., и работи како музички соработник за програмата за деца.

Во текот на учебната 2003/2004, 2004/2005, 2005/2006 и 2006/2007 година работи како демонстратор по предметите: Солфеж и Основи на оркестрација на ФМУ-Скопје.

М-р Валентина Велковска-Трајановска е избрана во звање доцент на Факултетот за музичка ументост при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со Одлука бр.866 од 4.6.2007 од Рецензентската комисија формирана од страна на Матичната комисија при основање на Факултетот за музичка уметност во Штип.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност, стручно-уметнички активности од 2007 година***

***Наставни активности***

Прв циклус студии, **Задолжителни предмети**: Хармонија 1, 2, 3 и 4 (2+2); Хармонска анализа 1 и 2 (2+2); Музички форми со анализа 4 (2+2); Основи на музички форми со анализа 1 (2+2)

Втор циклус студии, **Задолжителни предмети**: ФМУ-Штип: Анализа на музичко дело 1 и 2 (2+1)

Автор на скрипта по предметот Хармонија 1, рецензирана и објавена во Универзитетски билтен, бр.51/ 2010

***Објавени трудови***

1. В. Велковска-Трајановска. *Македонски композитор-актуелни состојби (2010)* /труд во списание за музичка култура – Музика, год.13, бр.16, издавач: СОКОМ-Скопје/
2. В. Велковска-Трајановска. *Стручниот профил на дипломиран музички теоретичар-педагог (2010)* / труд објавен во зборник трудови од научно-стручен собир, издавач: ФМУ/ УГД/

***Учество на интернационални семинари, фестивали и конференции***

1. 2011, Скопје, Македонија: активно учество на работилница: *Artist in Residence*
2. 2011, Струга, Македонија:*Струшка музичка есен 2011* - Музиколошка секција *Алеаторика – музички јазик застапен во творештвото на македонските композитори*
3. 2010, Струга, Македонија:*Струшка музичка есен 2010* - Музиколошка секција - *Македонски композитор – актуелни состојби*

4. 2010, Штип, Македонија: Научно-стручен собир на тема *Улогата на музиката во образовниот процес*
   Стручниот профил на дипломиран музички теоретичар-педагог
5. 2008, Белград, Србија: *17-та трибина на композитори*
6. 2008, Струга, Македонија:*Струшка музичка есен 2008* - Музиколошка секција
   Присутноста, употребата и улогата на дрвените дувачки инструменти во оркестарските дела на Томислав Зографски
7. 2007, Острава, Р. Чешка: *Ostrava Days 2007 – "New Music Festival"*

***Награди и стипендии***

Годишна награда на Општина Центар - „Феникс" за 2007 година, за постигнувања во музичката култура

Стипендија од Ostrava Center for New Music, за учество на летниот Институт за композитори и изведувачи во Острава, Ostrava Days 2007

***Членство во рецензентски комисии за скрипти***

Член на Рецензентска комисија за рецензирање на скрипти на вон. проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска и доц. м-р Г. Гавриловски, објавени во Универзитетски билтен бр.51/2010 (2), бр. 37/2010

***Рецензент за избор на наставници***

Оркестрација и музички форми, објавени во Универзитетски билтен бр.16/2009, бр. 21/2009

***Одобрени проекти од национален интерес од Министерство за култура за 2009 и 2007 година за учества на:*** *17-та трибина на композитори* во Белград, Србија и на летниот Институт за композитори и изведувачи, Ostrava Days 2007 година во Р. Чешка.

***Член во универзитетски и факултетски тела***

Продекан на ФМУ – УГДШ; раководител на Одделот за музичка теорија и музичка педагогија на Факултетот за музичка уметност - Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Член на Факултетски комисии за: постдипломски, признавање на испити, проверка на знаења, дошколување, усогласување на студентски досиеја, измени и дополнувања на студиските програми, стандардизирање на уметничките и стручните предмети и степенот на образование

***Членство во професионални асоцијации и комисии***

Член на комисиите за доделување на наградата „Панче Пешев" за најдобро и најуспешно дело од македонски композитор за 2008 и 2006 година;

Асистент на селекторот за манифестациите „30-ти Денови на македонска музика 2007" и „31-ти Денови на македонска музика 2008";

Член на комисиите за доделување на наградата „Георги Божиков" за најдобра и најуспешна изведба на дело од македонски композитор за 2008 и 2006 година.

***Авторски творечки опус***

1. *Огледала*, за виолина, виолончело и пијано, 2010 (нарачано дело од СОКОМ).
2. *Небесни тела*, за обоа и пијано, 2010 (нарачано дело од СОКОМ).
3. *Кон карпите*, за кларинет, виолина, виолочело, вибрафон и пијано, 2008 (нарачано дело од СОКОМ).
4. *Поема*, за кларинет и гудачки оркестар, 2008/9 (нарачано дело од СОКОМ).
5. *Ѕвездин траг*, за флејта, обоа, кларинет и фагот, 2007 (нарачано дело од СОКОМ).

***Позначајни изведби на композиции од авторското творештво***

*Огледала* - Концерт на пијано триото ВАМ на „Денови на македонска музика 2011“, во Скопје

*Небесни тела* - Концерт на „ДММ 2010“, во Скопје

*Ѕвездин траг* - Концерт на „ДММ 2009“, во Скопје

*Кон карпите* - Концерт на 17-та трибина на композитори во Србија, Белград, 2008 год.; Концерт на „Денови на македонска музика 2008“, во Скопје; Концерт на Скопско лето 2008 во Скопје „На изворите“

*The Transfiguration (Преобразување)* - Концерт на Диотима квартет од Франција на „Скопско лето 2009“и на „ДММ 2008“ во Скопје; Концерт на Сонар квартет на „Ostrava Days 2007” во Острава, Република Чешка, 2007 год; Концерт на Алеа квартет на „ДММ“ 2007 год. во Скопје

*Омен* - Концерт на Скопско лето 2008 во Скопје „На изворите“;

***Издадени аудио-записи на дел од авторското творештво***

1. *Огледала* – ЦД со избор од дела од концертите на „ДММ 2011“, во издание на СОКОМ/Скопје
2. *Ѕвездин траг* – ЦД со избор од дела од концертите на „ДММ 2009“, во издание на СОКОМ/Скопје Скопје
3. *The Transfiguration (Преобразување)* – ЦД со избор од дела од концертите на „ДММ 2008“, во издание на СОКОМ/Скопје Скопје

***Учество во РТВ емисии***

– 2011 - МРТВ – Сателитски канал (2) за активностите на ФМУ; Утринска програма – учество по повод манифестацијата „Денови на македонска музика“; Утринска програма (2) за активностите на ФМУ.

– 2010 - 28 март, музички осврт со рецензија за делото *Небесни тела,* за обоа и пијано, на Македонско радио, 28 март 2010 год., во емисијата Културна клучалка со В. Наумова-Томовска.

– 2010 – МРТВ – Сателитска програма (2) учество за активностите како композитор; Утринска програма (2) учество по повод манифестацијата „Денови на македонска музика“.

– 2009 – МРТВ – Сателитска програма – Портрет – Македонски вредности; Утринска програма (2) учество по повод манифестацијата „Денови на македонска музика“.

– 2008 – МРТВ – Утринска програма (2) учество по повод манифестацијата „Денови на македонска музика“; Образовна програма – профилот композитор.

– 2007 – Радио Прага – Учество по повод Фестивалот за современа музика „Ostrava Days 2007“; Телевизија Прага, Р. Чешка – Документарна емисија - Програма од култура по повод учеството на Фестивалот за современа музика „Ostrava Days 2007“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката м-р Валентина Велковска-Трајановска ги исполнува критериумите за избор во наставно-научното звање вонреден професор. Таа покажува способност во научноистражувачка (НИ), стручно апликативна (СУ) и стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа го задоволува потребниот квантум (75 поени) за да биде избрана во наставничкото звање (244,6 поени). Врз основа на приложените дела, изведби на истите, трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа и стручно уметничките активности, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење, може да се заклучи дека се работи за сериозен наставно-научен работник.

Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниотсовет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **кандидатката м-р Валентина Велковска-Трајановска да биде избрана во звање вонреден професор во наставно - научните и уметнички области *Теорија на музиката* и *Композиција*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Томе Манчев, професор, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, с.р.**
**Д-р Илчо Јованов, с.р.**

## ПР И Л О Г

### Табела за вреднување на м-р Валентина Велковска-Трајановска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ и Факултетот за музичка уметност во Штип

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно–образовна дејност (НО**) = 119,6 | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања | 1 | 8 | 8 |
| Интерна скрипта од предавања | 1 | 4 | 4 |
| Рецензент на учебник, скрипта | 3 | 1 | 3 |
| Учество во образовна РТВ програма | Во земјава 15<br>Во странство 2 | 15x0,5=7,5 во зем.<br>2x2=4 во стр. | 11,5 |
| Предавања на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип | 2007/2008 (8x 1,5)+ 2, 2008/2009 (8 x 1,5) + 4 ;2009/2010 (4 x 1,5) + 1; 2010/2011 (8 x1,5) +7; 2011/12 (8x1,5) +4 | 1,5 | 72 |
| Вежби на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип | 2007/2008 (8x 0,2);<br>2008/2009 (12x0,2);<br>2010/2011 (8x 0,2) | 0,2 | 5,6 |
| Одржани предавања на постдипломски студии | 30 ч.+15 ч. | 3 | 9 |
| Одржани вежби на постдипломски студии | 15+7 | 1,5 | 4,5 |
| Рецензент на соработници и наставници | 2 | 1 | 2 |
| **Научноистражувачка и стручно- уметничка активност (НИ – СУ) = 97** | | | |
| Учество на научен собир со реферат (2,4,3,6) | 2+2 | 1/1,5 | 5 |
| Учесник на проект од национален интерес за културата | 2 | 2 | 4 |
| Претседател или член на комисија на стручен музички собир, фестивал | 3 | 2 | 6 |
| Компонирано музичко дело (соло, дуо, трио, квартет, камерен ансамбл до седум изведувачи, хор и вокално-инструментални дела во траење до 7 мин.) со оригинални уметнички резултати, концертна изведба (печатено како партитура од официјална институција или снимено-издадено на ЦД од официјална медиумска или издавачка куќа) | Во земјата 8 + 3 на ЦД<br>Во странство 2 | 8x5 во зем.= 40+ 15<br>2x7 = 14 во стр. | 69 |
| Компонирано музичко дело за камерен, гудачки или симфониски оркестар, вокално-инструментално дело, ораториум, опера, балет итн., со оригинални уметнички резултати, создадени и верификувани како нарачка од институција (СОКОМ, Министерство за култура, МОБ, Македонска филхармонија и еквивалентни институции на истите вон земјата) (неизведено дело) | 1 | 6 | 6 |
| Труд со оригинални научни резултати објавено во Зборник од трудови на научен собир (2) | 1 | 2 | 2 |
| Награди-признанија за постигнувања во музичката култура | 1 | 5 | 5 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Стручно-апликативна и организационо -развојна дејност (СА-ОР) = 28** | | | |
| Труд во стручно списание (1) | 1 | 2 | 2 |
| Продекан | 1 | 8 | 8 |
| Член на Факултетот на комисиите за: постдипломски, признавање на испити, проверка на знаења, дошколување, усогласување на студентски досиеја, измени и дополнувања на студиските програми, стандардизирање на уметничките и стручните предмети и степенот на образование | 8 | 2 | 16 |
| Член на Наставно-научен совет | 1 | 2 | 2 |
| | | ВКУПНО | 244,6 |